# Оставинска постапка-постапување на судовите и судските службеници во спроведување на оставинската постапка

*Предавач*
*Сузана Варналиева*

*07.10.2024 год.*

## *Судски деловник*

За постапување по оставинските предмети предвидени се следните уписници:

О - Уписник за предлог за оставински предмети

О1 - Уписник за приговор за оставински предмети

ОНАД - Уписник за предмети вратени од нотар за ненедлежност

СУ-06 - Комуникација со повереникот на судот (нотар)

## *Поведување на оставинска постапка*

### *Согласно ЗВП*

Постапката за расправање на оставина се поведува по службена должност, веднаш штом судот ќе дознае за смртта на лицето или дека лицето е прогласено за умрено

### *Пракса*

Смртовницата се доставува до судот од страна на матичната служба

## *Формирање предмет*

По приемот на смртовницата се заведува предмет во уписникот „О“

Предметот се заведува на претседателот на судот или судија согласно распоредот за работа во судот

Согласно Заклучокот од Работното тело за стандардизација на постапките во судовите од 17.12.2010 година

Предметите не мораат да се распоредуваат по судии пред да бидат доверени на постапување на нотарите

Предметите во оставинска постапка судот ги распоредува по судии само во случаи кога согласно Законот за вонпарнична постапка е предвидено по истите да постапува судот

## *Распределба на предметот на нотар*

Како се врши распределбата

Нотарите не се евидентирани во АКМИС и распределбата неможе да се врши по АКМИС

***Согласно ЗВП***

Судот, постапувањето по оставинските предмети ќе им го довери на нотарите според службените подрачја на нотарите утврдени со Законот за нотаријат

Кога на подрачјето на судот има повеќе нотари, предметите ќе им се доделуваат рамномерно според азбучен редослед на презимињата на нотарите

Судот ќе му го достави оставинскиот предмет со сите списи, во рок од 8 дена од денот кога предметот ќе биде заведен

***Пракса***





***Донесување на решение поради немање на имот***

***Член 165 од ЗВП***

Ако од податоците од смртовницата се гледа дека умрениот не оставил имот, оставинскиот суд ќе одлучи да не се води постапка за расправање на оставината

<82><82>

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС преку ВД Претседателот на судот <94><94>, постапувајќи по поднесената смртовница бр.<56><56> година од Министерството за правда-Управа за водење на матичните книги ПО Велес, согласно чл.165 од Законот за вонпарнична постапка, на ден <123><123> година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

НЕ СЕ ВОДИ ПОСТАПКА ЗА РАСПРАВАЊЕ НА ОСТАВИНАТА на покојниот <232><232> бивш од <235><235>, од причина што од податоците од смртовницата се гледа дека умрениот не оставил имот.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Основен суд Велес, од страна на Министерството за правда-Управа за водење на матичните книги ПО Велес, поднесена е смртовница бр.<56><56> година за покојниот <232><232> бивш од <235><235>.

По извршениот увид во смртовницата, судот утврди дека покојниот по смртта не оставил имот заради кој треба да се води постапка за расправање на оставината, па согласно чл.165 од ЗВП одлучи како во изреката на решението.

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС, <82><82> од <123><123> година.

ВД Претседател на судот
<94><94>

## *Постапување по заведување на оставински предмет*

- По заведување на смртовницата во уписник „О“ судскиот службеник проверува дали покојниот има оставено тестамент
- Доколку покојниот оставил тестамент го известува претседателот на судот или судијата кој постапува по оставинските предмети
- Претседателот на судот или судијата кој постапува по оставинските предмети доставува известување до вонпарничната писарница за заведување на предмет за прогласување на тестаментот
- Оставинскиот предмет се доставува до нотарот со назнака дека има тестамнет за кој е заведен предмет за прогласување
- Записникот со кој е прогласен тестаментот се доставува до нотарот на кој предметот му е доверен

<82><82>

Основен суд Велес преку ВД Претседателот на судот <94><94>, постапувајќи по оставинскиот предмет за расправање на оставината на покојниот <147><147> од <406><406>, по добиеното известување од судската писарница од <72><72> година, ***(дали има или не тестамент)*** согласно чл.131 од Законот за вонпарнична постапка (Службен весник на РМ бр. 9/08), на ден <112><112> година го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Оставинскиот предмет <82><82> на Основен суд Велес, за расправање на оставината на покојниот <147><147> од <406><406> СЕ ДОВЕРУВА на нотар <241><241> од Велес, за да ја спроведе оставинската постапка.

По правосилноста на решението со кое постапката е завршена односно по повод изјавен приговор и во другите случаи кога според одредбите на Законот за вонпарнична постапка се враќаат списите на судот, Нотарот списите на предметот да ги врати во судот.

**О б р а з л о ж е н и е**

Пред Основен суд Велес е заведен оставински предмет <82><82> за расправање на оставината на покојниот <147><147> од <406><406>.

Согласно чл.131 од Законот за вонпарнична постапка, предметот се доверува на нотар <241><241> од Велес, за да ја спроведе оставинската постапка.

Согласно чл.134 ст.3 од Законот за вонпарнична постапка, по правосилноста на решението со кое постапката е завршена односно по повод изјавен приговор и во другите случаи кога според одредбите на Законот за вонпарнична постапка се враќаат списите на судот, Нотарот списите на предметот да ги врати во судот.

Основен суд Велес, <82><82> од <112><112> година

ВД Претседател на судот
<94><94>

Примил нотар:

<241><241>

## ***Предавање на предметите на нотар***

Книга за предавање на предмети за нотари

| Број на предмет | Име и презиме на покојниот | Датум на прием на нотарот | Потпис од прием од нотарот | Датум на враќање на предметот |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

***Заведување на предмет по приговор на решение на нотар***

Против решението на нотарот кој постапува како повереник на судот, дозволен е приговор во рок од осум дена од денот на доставувањето на решението на учесниците

Приговорот се заведува во уписник „О1“ на судија согласно Распоредот за работа

Од страна  на судот се носи решение согласно ЗВП

## *Постапување по решени предмети*

***Согласно Заклучокот од Работното тело за стандардизација на постапките во судовите од 17.12.2010 година***

Предметите во оставинската постапка по кои постапуваат нотарите како повереници на суот добиваат ознака за завршени во моментот кога истите од кај нотарите ќе се вратат во судот

***Член 249 став 3 од Судскиот деловник***

Оставинските предмети се сметаат за решени кога по враќање од нотар се архивираат

Пред да се архивира предметот треба да се провери:

- Дали е наплатена судската такса
- Дали има штембил за правосилност на решението
- Дали постапката е водена во присуство на адвокат

Доколку при проверката се утврди дека од страна на нотарот има неправилности при постапувањето предметот му се враќа

## ***Заведување на предмет за дополнително пронајден имот***

*Согласно ЗВП*

Ако по правосилноста на решението за наследување, дополнително се пронајде имот на оставителот, кој не бил познат кога е донесено решението за наследување, судот новопронајдениот имот на оставителот ќе го распредели со ново решение врз основа на порано донесеното решение

Согласно Заклучокот од Работното тело за стандардизација на постапките во судовите од 28.12.2010 година

Се заведува нов предмет, а во врската да се стави на стариот, во причина да се избере „други“ или пак да се отвори уште една опција „дополнување на предмет“ или слично

***Пракса***

Проблеми при заведувањето?????

# *Извештај за работа на нотарите*

ИЗВЕШТАЈ

за предмети во работа за месец _______

| Вкупно нерешени предмети останати на почетокот на месецот | Новопримени предмети во месецот | Вкупно предмети во работа | Вратени предмети во судот во месецот | Останати нерешени предмети на крајот од месецот |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |

# ИЗВЕШТАЈ

за стари предмети во работа за месец ________

| Година на прием на предметот | Вкупно нерешени стари предмети | Новопримени стари предмети во месецот | Вкупно стари предмети во работа | Вратени стари предмети во судот во | Останати нерешени стари предмети на |
|---|---|---|---|---|---|
| 2022 | | | | | |
| 2021 | | | | | |
| 2020 | | | | | |

**Појаснување:**

Во табелата-извештај за стари предмети треба да се доставуваат податоци за старите предмети кои нотарот ги има во работа. Како стар предмет треба да се смета предметот кој во судот е примен пред 2 години, сметајќи го месецот за кој се доставува извештајот.

## *Составување на судски тестамент*

За составување на судскиот тестамент е надлежен секој основен суд

Се поднесува предлог за составување или чување на тестамент

Предлогот се заведува во уписник „ВПП„

Судски тестамент се составува во просториите на судот или надвор од него, во станот на завештателот, во болница или на друго место, ако завештателот не е во состојба да дојде во судот

Тестаментот по кажување на завештателот го составува на записник судија

Ако записникот за тестаментот се состои од повеќе листови, сите тие се сврзуваат со емственик, а двата краја од емственикот се запечатуваат со судски печат

Завештателот се потпишува, односно става отпечаток на секој од листовите, а на крајот се назначува од колку листови се состои тестаментот

Дали текстот на тестаментот треба да биде во АКМИС или ????

## *Чување на тестамент*

Судскиот тестамент завештателот може да го остави на чување во судот

Завештателот може да побара да си го земе судскиот тестамент, при што судијата ќе состави посебен записник за предавање на судскиот тестамент, а завештателот приемот на тестаментот го потврдува со потпис на записник

Ако тестаментот е составен во суд на чие подрачје завештателот нема живеалиште, судот е должен за тоа веднаш да го извести судот на чие подрачје завештателот има живеалиште

Ако на чување се предава тестамент во отворена или во затворена обвивка, судот тестаментот ќе го стави во посебна обвивка и ќе ја запечати

Ако сведоците на усниот тестамент му поднесат на судот писмено во кое е содржана волјата на завештателот, приемот на ова писмено судот ќе го утврди записнички, а потоа ќе го стави во посебна обвивка и ќе го запечати

Судот на подносителот на исправата ќе му издаде потврда дека исправата е предадена на чување во судот

Ако тестамент, односно исправа за устен тестамент се предава на суд на чиешто подрачје завештателот нема живеалиште, судот е должен за тоа веднаш да го извести судот на чиешто подрачје завештателот има живеалиште

Тестаментот предаден на чување во судот, како и исправите за усниот тестамент, се чуваат во судот одвоено од другите списи

# *Запечатување, евидентирање и чување на тестамет во судвите*

## *Судска пакса*

- Тестаментот се става во посебен плик и се запечатува со восок
- Восок вообичаено се става на четирите краеви од пликото и на средината
- Запечатувањето на восокот се утврдува со метален жиг, кој има ист текст како тркалезниот печат?
- Тестаментот се заведува во посебна евиденција (во АКМИС и помошна книга која се чува заедно со тестаментите)
- Во евиденцијата се наведува бројот на ВПП предметот и бројот на потврдата

- Тестаментот се чува во судот во посебно обезбедена метална каса или метален орман
- Тестаментот би требало да го чува судскиот службеник кој го води уписникот ВПП, но може да се предаде на чување и на друг судски службеник
- За сите тестаменти кои се чуваат во судот пожелно е да се заведат во посебна евиденција, како посебна евидентна книга во АКМИС или список за кој има можност за пребарување

# Прогласување на тестамнет

Тестаментот што го оставил умрениот му се доставува на судот за прогласување

Судот на кого му е предаден или кај кого се чува тестаментот, кога ќе утврди дека неговиот составувач е умрен или прогласен за умрен, е должен да го отвори тестаментот, без да го повреди печатот, да го прочита и за тоа да состави записник и со тоа тестаментот е прогласен

Судот ќе го прогласи тестаментот без оглед на тоа дали тестаментот е полноважен според закон и без оглед дали има повеќе тестаменти од истото умрено лице

Судот, кај кого тестаментот се наоѓа или на кого му е предаден, ќе го прогласи тестаментот и покрај тоа што за расправањето на оставината е надлежен друг суд или странски орган

Кога прогласувањето на писмениот или усниот тестамент го врши суд кој не е оставински суд, тој суд записникот за прогласување на тестаментот заедно со изворниот писмен тестамент, односно со исправата за устен тестамент, ќе му ги достави на оставинскиот суд, а кај себе ќе задржи препис од нив

Изворниот писмен тестамент и исправата за усниот тестамент, записникот за сослушување на сведоците на усниот тестамент, се чуваат во судот посебно од другите списи, а нивниот заверен препис се приложува кон списите

## *Отповикување на тестамнет*

При отповикувањето на тестамент пред суд се применуваат одредбите кои се однесуваат на составување на судски тестамент

Кога завештателот ќе го отповика тестаментот пред суд, отповикувањето ќе се забележи на тестаментот што се чува во судот

**Во пракса**

**тестаментот се враќа на завештателот откако ќе ја достави потврдата која му е издадена за чување на тестаментот**

# БЛАГОДАРИМ
# НА
# ВНИМАНИЕТО